ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ВОДОВОД
Бр. 04-80/4
20.01. 2025 год.
ОХРИД

# ЈП ВОДОВОД Охрид

ул.Наум Охридски бб - Охрид ЕМБС 7404026 ЕДБ МК4020019540214

Информации на.тел.046/230-020; тел.Дирекција 046/ 250-120; Наплатен центар-Корзо 046/254-179; ж.с-ка 270074040260131 Халк Банка

БРЗО И ЕДНОСТАВНО ЕЛЕКТОРНСКО ПЛАЌАЊЕ БЕЗ ПРОВИЗИЈА НА WWW.EVODOVOD-OHRID.COM.MK

Врз основа на член 37-м од Закон за јавните претпријатија и член 36 од Колективен договор на ЈП „Водовод“ – Охрид, Директорот на ЈП Водовод Охрид на ден 20.01.2025 година донесе:

## ОДЛУКА

**за избор на кандидати за вработување на неопределено време по јавен оглас 12/2024 од 30.12.2024 година**

1. За работното место под реден број 1 – Општ работник КДР0305В02031, се избира кандидатот Климент Трпески
2. За работното место под реден број 2 – Оператор машинист КДР0305Б02051, се избира кандидатот Тони Латковски.
3. Со избраните кандидати ќе биде склучен договор за вработување по конечноста на оваа одлука.
4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 30.12.2024 година беше објавен јавен оглас бр. 12/2024 за вработување на неопределено време во три дневни весници, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, како и на огласната табла на ЈП Водовод Охрид и на веб страната на претпријатието.

Со Решение бр. 04-2883/4 од 31.12.2024 година е формирана Комисија за селекција за вработување по јавен оглас. Комисијата спроведе постапка за селекција на кандидатите за вработување и состави записник бр. 04-80/3 од 15.01.2025 година од административна селекција на кандидатите и спроведувањето на интервјуто, како и конечна ранг бр. 04-80/1 од 15.01.2025 година и предлог за вработување бр. 04-80/2 од 15.01.2025 година.

Врз основа на записникот, конечната ранг листа и предлогот дадени од Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас 12/2024, Директорот на ЈП Водовод – Охрид, донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука за избор, незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Управниот Одбор на ЈП Водовод – Охрид.

ЈП ВОДОВОД ОХРИД
Директор
Марјан Ристески

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ВОДОВОД 1 ОХРИД

Изработил: Самост. реф. за ЧР - Ничевска Ангела

Контролирал: Раков. на сектор за општи прав. раб. и ЧР - Славица Зарчева

Доставено до:
- Избраниот кандидат
- Одделение за човечки ресурси
- Архива